

РАЗВИВАЈ ГИ СВОИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ

Сектор за внатрешна ревизија на НЛБ Банка го зајакнува својот тим на успешни професионалци и нуди можност за работење во сегментот на внатрешна ревизија.

Доколку имаш желба и амбиција да се приклучиш на тимот и заедно да ги споделуваме предизвиците на работењето на проценка на општата ефикасност на работењето на Банката, следење и почитување на прописите, контрола, надзор и следење на работниот процес, советување на раководсвото и вработените; развивање и имплементација на стручните стандарди и начела за внатрешна ревизија, те мотивираме да се пријавиш на отворената работна позиција:

# Ревизор во Сектор за внатрешна ревизија

**Твоите работни цели:**

- Имплементација на стручни стандарди и начела на внатрешната ревизија, согласно Меѓународните стандарди за професионално практикување на внатрешната ревизија и интерните акти на Секторот за внатрешна ревизија;
- Оцена на клучните ризици во работењето на Банката, со цел дефинирање на годишните и долгорочните планови на ревизорски прегледи;
- Подготовка на ревизорски програми и спроведување на редовни/планирани, вонредни и ненајавени ревизорски прегледи на работењето на Банката;
- Изработување на извештаи за спроведените ревизорски прегледи, во согласност со Прирачникот за внатрешно ревидирање;
- Оцена на усогласеноста на работењето на Банката со законската регулатива, Стандардите на НЛБ Групацијата, процедурите и интерните упатства за работа;
- Оцена на ефикасноста и ефективноста на воспоставените интерни контроли и адекватноста на системите за управување со ризици на ревидираните подрачја;
- Дефинирање на ревизорски препораки со цел подобрување на системите на внатрешна контрола и управувањето со ризици;
- Следење и известување за статусот на реализација на ревизорските препораки;
- Изработување на Годишно мислење за квалитетот на контролниот систем и управувањето со ризици во Банката;
- Изработување на известувања од областа на Внатрешната ревизија за потребите на надлежните органи во Банката, НЛБ Групацијата и регулаторите.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование од економски науки;
- Минимум 2 години работно искуство во сегментот на ревизија;
- Поседување на лиценца од подрачјата ревизија, ризици или compliance, ќе се смета за предност;
- Спремност за самостојна работа и предлагање на нови методологии и пристапи во работата;
- Способност за тимска работа, концентрација и надминување на проблеми/конфликти;
- Аналитички вештини и способност за оценка, планирање, контрола и одлучување;
- Напредно користење на стандардни ИТ алатки;
- Одлично познавање на англиски јазик.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд)

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **17.11.2024 година** на NLBKariera@nlb.mk соназнака за **Ревизор во Сектор за внатрешна ревизија.**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka